# Транспарентноста на Собранието на Република Северна Македонија за време на пандемијата со ковид- 19



## АНАЛИЗА

## ПАНДЕМИЈАТА ЈА ПРОДЛАБОЧИ ДИСТАНЦАТА МЕЃУ СОБРАНИЕТО И ЈАВНОСТА

Септември 2021

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЗНМ

Здружение на новинарите на Македонија

**Автори:** Александра Мицоска Митевска Мефаил Исмаили
**Уредник:**
Драган Секуловски
**Лектор:**
Маја Катарова Апостолова
**Дизајн:**
ЗНМ
**Фотографија:**
www.sobranie.mk
**Издавач:**
Здружение на новинарите на Македонија

Оваа публикација е изработена со рамки на заедничката програма на Европската унија и на Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022" и нејзината акција „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (JUFREX)".

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање".

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставaт до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде нужно не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.

# СОДРЖИНА

Вовед ---- 3
1. Конституирање на парламентот без присуство на медиуми во салата ---- 5
2. Комисиските седници целосно затворени за јавноста ---- 6
3. Терминот „присуствува“ оневозможи онлајн- вклучување на пратениците на седници ---- 8
4. Пандемијата ја загрози јавноста во работењето на Собранието ---- 9
5. Недостапноста на дел од пратениците ---- 11
6. Брифинзите на претседателот на парламентот ---- 12
7. Други одредби од Деловникот што се однесуваат на јавноста во работењето на законодавниот дом (од чл. 228 до чл. 234) ---- 13
8. Разговори со новинари и пратеници за разменување искуства/Јавноста низ новинарската призма/Размислувањата на пратениците ---- 14
9. Разговор со претседателот на РСМ Талат Џафери. Најавува неколку нови проекти за поголема транспарентност ---- 30

Заклучоци ---- 32
Препораки ---- 33
Користени извори ---- 34

# ВОВЕД

Анализата за транспарентноста на Собранието на Република Северна Македонија во периодот на ковид-пандемијата е направена врз основа на анкета со новинари на различни национални телевизии и онлајн-медиуми, кои ја следат работата на Собранието повеќе години или со децении и продолжуваат да бидат активни. Направена е и анкета со координаторите на сите парламентарни групи и со пратениците што не се дел од некоја парламентарна група, но и со претседателот на Собранието, Талат Џафери. Исто така, консултирани се и Уставот на РСМ, Деловникот за работа на Собранието и Етичкиот кодекс на Собранието на РСМ.

Транспарентноста на Собранието на Северна Македонија продолжува да биде делумна и во 10-от парламентарен состав. Комуникацијата на пратениците со новинарите и медиумите стана уште потешка во екот на пандемијата со ковид 19.

Протоколите од Комисијата за заразни болести, во период од повеќе од една година, ги исклучија речиси целосно новинарите од работата на законодавниот дом и тие не можеа да присуствуваат физички на седниците на комисиите и на пленарните заседанија. Поради тоа, новинарите имаа повеќе тешкотии да бидат во контакт со пратениците и со претставниците на парламентарните групи.

Новинарите имаа големи проблеми да ги обезбедат потребните информации од седниците на комисиите, бидејќи во живо одат само пленарната седница и седницата на Комисијата за финансирање и буџет, и тоа единствено кога има расправа за буџетот. Освен тоа, ниту една од седниците на комисии не се пренесуваше во живо на собранискиот канал, ниту се стримуваше на социјалните мрежи. Така, новинарите речиси воопшто немаа претстава што се случува во комисиите.

Тие можеа да се информираат само преку директните контакти со пратениците, членови на тие комисии, но брифингот со нив не е целосна информација, бидејќи пратениците брифираат и според своите политички убедувања и интереси. А пратениците и координаторите на пратеничките групи честопати знаат и да не одговараат на повици на новинарите. Посебно кога не им одговара темата, се обидуваат да ги избегнат медиумите, посочувајќи различни причини.



Имаше повеќе барања од новинарите, седниците на комисиите да се стримуваат на Јутјуб, Фејсбук или на други социјални мрежи, но тоа не беше спроведено, со

образложенија дека нема предвидено буџет за да се инвестира во потребната опрема и дека тоа не го дозволува Деловникот за работа на Собранието.

Но, освен што новинарите не беа во можност да ги следат комисиските седници, граѓаните уште помалку имаа можност да се информираат за тоа што работат нивните избраници во Собранието. Околностите создадени поради пандемијата ги извадија уште повеќе на површина проблемите на Собранието со транспарентноста и отчетноста. Затоа е потребно да се преземат активности што е можно побргу, со кои ќе се детектираат конкретните проблеми, но и да се најде вистинскиот начин како Собранието да биде целосно отворено за јавноста.

Од друга страна, пошироката јавност како да не ги почувствува до таа мера ограничувањата што ги наметна пандемијата. Теренска анкета на Програмата за парламентарна поддршка за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието, спроведена од 17 февруари до 10 март годинава, покажа дека граѓаните се поделени во однос на нивната упатеност во работата/сработеното на парламентот во периодот од август 2020 година до јануари 2021 година.

Вкупно 51 отсто од испитаниците одговориле дека се делумно или целосно запознаени со активностите на законодавниот дом во овој период, додека 48 проценти рекле дека малку или воопшто не се запознаени со перформансите на пратениците. Исто така, 73 отсто од анкетираните сметаат дека Собранието игра значајна улога во политичкиот живот во земјава, а тоа е за шест процентни поени повеќе од минатата година, што е донекаде разбирливо ако се има предвид дека минатиот собраниски состав, поради распуштањето пред почетокот на пандемијата, не беше во функција повеќе од пет месеци.

# 1 КОНСТИТУИРАЊЕ НА ПАРЛАМЕНТОТ БЕЗ ПРИСУСТВО НА МЕДИУМИ ВО САЛАТА

На 3 август 2020 година почна конститутивната седница на 10-от парламентарен состав, кој беше избран на 15 јули, односно во четвртиот месец од прогласувањето на пандемијата на глобално ниво. Претходниот собраниски состав беше распуштен на 26 февруари 2020 година, но пандемијата ги расипа плановите за одржување на предвремените парламентарни избори на 12 април.

По повеќе од пет месеци пауза, од 26 февруари до 3 август, 10-от парламентарен состав ја одржа првата седница надвор од пленарната сала, односно надвор од салата во која постојано заседаваше македонскиот парламент во овие три децении независност. Наместо тоа, пратениците се преселија во новата „сала на куполи“, каде што се одржуваа пленарните седници, сè до 8 јули годинава, поточно безмалку една година.

Претседателот на претходниот и на сегашниот парламент, Талат Џафери, и претставници на Комисијата за заразни болести заклучија дека, од здравствен аспект, побезбедно е ако парламентот заседава во „салата на куполи“, поради нејзината пространост и можноста полесно да се одржува дистанца. Но, тоа значеше и исклучување на јавноста од пленарните седници, така што новинарите беа оневозможени да ги следат дискусиите директно од пленарната сала.

Во тој случај, менаџментот на Собранието и претставниците на парламентарните групи, но и Комисијата за заразни болести не ја зедоа предвид улогата на новинарите во Собранието, туку само безбедноста на пратениците и вработените во законодавниот дом.

Ваквото ограничување на присуството на новинарите, но и недостигот од волја да се најде начин новинарите да имаат поголем пристап до собраниските и до комисиските седници, создаде впечатлив јаз во комуникацијата меѓу новинарите и пратениците, минимални можности за информирање на граѓаните за тоа што се случува во Собранието, како и минимална транспарентност на Собранието.

Според членот 70 од Уставот на РСМ, седниците на Собранието се јавни. Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Меѓутоа, под притисок на здравствените прилики, овие одредби, на некој начин, беа суспендирани, со оглед на тоа што во „салата на куполи“ нема услови за медиумско покривање на седниците, за разлика од старата пленарна сала, каде што галеријата е „резервирана“ за новинарите.

Овојпат, новинарите беа принудени да ги следат собраниските седници во живо на собранискиот канал на МРТ, што од повеќе аспекти не претставува најсоодветна замена за следење на настанот на самото место. Така, на пример, првото гласање во посебна кабина на пратеник суспектен на ковид-19, што се случи за време на изборот на владата на 30 август 2020 година, можеше да помине и незабележано во медиумите, доколку претседателот на парламентот не ги известеше пратениците за тоа.

Како хендикеп во однос на отвореноста на законодавниот дом се наметна и сменетиот принцип на гласање во новата сала, со картончиња во три бои, додека електронскиот систем за гласање остана во старата сала. Со тоа и на новинарите им беше оневозможен увид во исходот на гласањето и за одлучувањето на секој пратеник одделно.

# 2 КОМИСИСКИТЕ СЕДНИЦИ ЦЕЛОСНО ЗАТВОРЕНИ ЗА ЈАВНОСТА

Сепак, како посебен проблем се покажа неможноста од медиумско покривање на комисиските седници, каде што, всушност, се водат главните расправи за законите. Комисиските седници, вообичаено, не одат во живо, а се пренесуваат на Собранискиот канал неколку часа по завршувањето на седницата, без да се знае точно и предвреме во колку часот ќе биде преносот. Честопати преносите се емитуваат попладне, кога веќе голем дел од телевизиите завршиле со централните вести, а весниците се во печат, така што случувањата на комисиските седници, во екот на пандемијата, главно останувааа медиумски непокриени.

Затоа што немаше технички услови да се обезбедат преноси во живо од седниците, со исклучок на единствената попространа сала „Борис Трајковски", новинарите беа присилени за случувањата во работните тела на парламентот да се информираат од пратениците.

Имајќи ја предвид субјективноста на пратениците, односно нивната партиска припадност, како и ограничениот опсег за комуникација, со оглед на тоа што не сите пратеници, членови на одредена комисија, се расположени за контакт со медиумите, новинарите неретко беа присилени да се снаоѓаат секој на свој начин за да обезбедат што пообјективна информација.

Поради затвореноста на комисиските седници, на пример, за малку ќе поминеше незабележано донесувањето на законот за бесправно изградени објекти, за кој јавноста дозна откако беше изгласан на пленарна седница, на која, како што се дозна подоцна, ѝ претходела „мазна" расправа за предлог-законот (предложен од владата, а подготвен во Министерството за транспорт и врски) во Комисијата за транспорт и врски, чиј претседател е Владо Мисајловски од опозициската ВМРО-ДПМНЕ. Подоцна се разбра дека причината за „тивкото" донесување на законот, во ситуација кога парламентарното мнозинство постојано „кубуреше" со кворум, меѓу другото и поради блокадите од опозицијата, е политички договор меѓу СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ за законот што овозможува легализација на дивоградби, а кој, откако за него дознаа медиумите, беше повлечен од процедура, под притисок на јавноста и со „вето" од претседателот на државата.

Исто така, се забележа недостиг од информации и за расправите за законот за државјанство, предложен од опозицијата во албанскиот политички блок, на кој се спротивстави Левица, а за кој имаше многу критики и ВМРО-ДПМНЕ.

Во врска со овој закон неколкупати имаше комисиски расправи, непочнати комисиски седници, поднесување илјада амандмани за блокирање на законот, но новинарите немаа пристап на седниците на матичната комисија и немаа можност да ја пренесуваат вистинската слика за расправи и несогласувања меѓу пратениците. Слична беше ситуацијата и за законот за лична карта, поднесен од Беса, со кој се предвидува „етничка графа во личните документи", како и за други закони, за кои постоеше голема заинтересираност во јавноста.



На некој начин се создаде простор, пратениците да се чувствуваат послободни и да имаат можност да се изразат со ослободен речник и критики кон своите политички

противници на комисиските седници, како да се во „затворен приватен простор“, бидејќи во салата нема новинари и телевизиски камери.

Поради тоа што новинарите немаа пристап на комисиските седници, може да се каже дека известувањето за работата на комисиите, посебно кога на дневен ред беа закони од голем интерес за јавноста, беше со многу недостатоци и нецелосно. За расправите во овие комисии, новинарите можеа да се информираат и да пренесат информација само кога пратениците што се членови на комисиите ќе прифатеа да дадат изјави. Но, и во вакви случаи, новинарите често немаа можност да бидат објективни докрај. Ако имаше расправа за еден закон, и ако за изјава се појавеа пратеници од опозицијата, често се случуваше пратениците од власта, или да не бидат достапни, да одбијат да ги соопштат своите ставови, или кратко да одговорат на телефон дека се зафатени во моментот. И обратно.

Вaквите околности, како и ваквиот однос, ги спречуваше новинарите да бидат целосно објективни и да можат најпрофесионално да ја завршат својата работа.

Група новинари, во неколку наврати, бараа од раководството на Собранието да овозможи и комисиските седници да се пренесуваат во живо на официјалните адреси на Собранието на социјалните мрежи, на пример на Јутјуб, Фејсбук..., но од Собранието одговорот секогаш беше ист – дека моментно немаат технички услови, дека немаат предвидено буџет, но и дека се во контакт со странски фондации и организации за да помогнат во врска со ова барање на новинарите.

## 3 ТЕРМИНОТ „ПРИСУСТВУВА“ ОНЕВОЗМОЖИ ОНЛАЈН-ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИ

И додека на новинарите, со образложение дека нема технички услови за стриминг, им беше оневозможено и онлајн-следење на настаните во парламентот, собраниското мнозинство беше подготвено да ја предвиди можноста за онлајн-учество на седниците на пратениците што се во изолација, за да ги надмине проблемите со кворумот, кои беа неизоставен дел во екот на пандемијата, кога и добар дел од пратениците беа присилени да заминат во карантин.

Според резултатите од теренската анкета за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието, во рамки на Програмата за парламентарна поддршка, две третини од граѓаните поддржуваат онлајн-работа на парламентот, додека за мал дел од испитаниците не е потребен ваков тип на работа.

Сепак, македонскиот парламент остана еден од ретките во Европа, каде што не се обезбеди алтернатива за учество на седниците поради противењето на опозицијата, која се повика на член 69 од Уставот, според кој, Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број пратеници.

Поточно, терминот „присуствува" опозицијата го толкуваше како императив за физичко присуство на пратеник во пленарната сала, така што, на крајот, спикерот Талат Џафери ги повлече од процедура предлог-измените во Деловникот што самиот ги предложи.

Отсуството на алтернативи за одржување собраниски седници во услови на ковид-19, дополнително ги проретчи настаните во законодавниот дом, што придонесе и за понатамошно редуцирање на директните контакти меѓу пратениците и медиумите.

# 4 ПАНДЕМИЈАТА ЈА ЗАГРОЗИ ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА СОБРАНИЕТО

Иако, покрај Уставот, и собранискиот Деловник предвидува јавност во работењето на Собранието, овој деловнички принцип, по силата на околностите беше загрозен во екот на пандемијата, со тоа што на новинарите им беше оневозможено да ги следат директно настаните во парламентот. Исто така, односот на поголемиот дел од пратениците или на шефовите на парламентарните групи, кои во повеќето наврати не покажаа волја да ги соопштат навреме јавно своите ставови, го загрози и објективното информирање, а се одрази и на професионалноста на собраниските новинари, кои секогаш се трудеа во своите прилози/текстови да ги имаат ставовите на сите страни.

Според Деловникот, Собранието обезбедува информирање на јавноста за работата на Собранието и на работните тела, како и на постојаните делегации во меѓународните организации. Членот 226 пропишува дека граѓаните можат да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите, во согласност со прописите за внатрешниот ред. Претставниците на средствата за јавно информирање, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието, како што е предвидено, можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа...

Ништо од ова не беше возможно во екот на пандемијата, кога и во Собранието немаше активности како вообичаено, односно мошне често се одложуваа седници на парламентот и на работните тела, во најголемиот број случаи поради неможноста да се обезбеди кворум, во ситуации кога пратениците на мнозинството беа во изолација. Освен одредбите од Деловникот, и во Кодексот на парламентот, јавноста во работењето е предвидена како еден од основните етички начела, покрај објективноста, одговорноста и заемното почитување и почитувањето на интегритетот на другите.

Според членот 5 од Етичкиот кодекс, пратеникот ја извршува функцијата совесно и одговорно и за време на извршувањето на функцијата е отворен кон медиумите за сите прашања, освен ако прашањата од интерес на Собранието се од доверлив карактер или ако станува збор за информации поврзани со неговиот приватен живот или со приватниот живот на други лица.



# 5 НЕДОСТАПНОСТА НА ДЕЛ ОД ПРАТЕНИЦИТЕ

И оваа собраниска гарнитура не остана имуна на недостапноста на дел од пратениците. Поточно, во овој состав, кој стартуваше со работа под посебни протоколи, тоа особено дојде до израз, затоа што собраниските известувачи, практично, немаа можност да се запознаат со сите пратеници. Посебно со оние на кои ова им е прв мандат, а такви ги има  повеќе - во опозицискиот табор поради промената на кормилото на ВМРО-ДПМНЕ, што се случи во периодот меѓу два изборни циклуси, а во СДСМ и во ДУИ поради повлекување на дел од пратениците и заминување во извршната власт.

Членовите на парламентот на кои ова им е прв мандат немаат многу искуство во контактите со медиумите, ниту, пак, секој пратеник има „овластување" од својата партија  да дава изјави, иако, според член 62 од Уставот, пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување.

Така, во услови на принудно ограничена комуникација меѓу Собранието и јавноста, контактите меѓу пратениците и новинарите во голем дел се сведоа на прес-конференции на претставници на парламентарните партии за теми што ги фаворизираат партиските централи, на кои неретко на претставниците на медиумите им е ограничена можноста да поставуваат прашања од нивен интерес, на други теми.

Исто така, не се преземаа никакви иницијативи од координаторите на пратеничките групи за да имаат брифинг или средба со новинарите, за да информираат за ставовите на пратеничката група за одредени критични закони, но и за новинарите да се запознаат со пратениците со кои воопшто немале можност да се гледаат, независно дали причина за тоа е незаинтересираност на одредени пратеници да бидат поприсутни во јавноста или, пак, поради ограничените услови за движење во Собранието.

# 6 БРИФИНЗИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПАРЛАМЕНТОТ

И покрај драстично променетите услови за работа на парламентот, претседателот на Собранието, Талат Џафери, сето ова време, не се откажа од „традицијата“ што ја воспостави во претходниот мандат - за редовни брифинзи со новинарите еднаш месечно. Единствена разлика во овој мандат е што брифинзите, во најголем дел, се одржуваа во друга (поширока) собраниска сала, во прилог на здравствените протоколи, кои предвидуваат одржување растојание, носење заштитни маски и дезинфекција.

Со ретки исклучоци, брифинзите на Џафери се одржуваат во последниот четврток од месецот, пред седницата за пратенички прашања, и претставуваат можност новинарите да обезбедат повеќе информации за активностите на парламентот во месецот што изминува и за плановите за месецот што следи.

Сепак, треба да се има предвид дека претседателот на парламентот е „прв меѓу еднаквите“ и дека, во секој случај, е претставник на една од владејачките партии, така што само неговата редовна комуникација со медиумите не е доволна за да се обезбедат позициите на сите пратенички групи и партии застапени во Собранието.

Иако брифинзите на Џафери, главно, се со цел новинарите да бидат во тек со работата на Собранието и со плановите на собранискиот претседател за работата на законодавниот дом во следниот месец, често се случуваше овие планови да не се спроведат или делумно да се реализираат поради несогласувањето од страна на координаторите на парламентарните групи за конкретни работи.

Но, и за ваквите несогласувања, новинарите не беа целосно и најобјективно информирани, бидејќи шефовите на пратеничките групи, посебно во последните неколку состави на парламентот не воспоставија пракса барем за периодични, ако не и за редовни брифинзи со новинарите еднаш неделно или барем еднаш месечно. Затоа, најчесто, за несогласувањата меѓу власта и опозицијата или, пак, за несогласувањата меѓу претседателот на Собранието или за одредена пратеничка група, новинарите ќе добиеја информација само на денот кога пратениците ќе одлучеа дека „кавгата“ треба да излезе во јавност и кога ќе решеа да држат прес-конференции.

# 7 ДРУГИ ОДРЕДБИ ОД ДЕЛОВНИКОТ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЗАКОНОДАВНИОТ ДОМ

- **Член 228:** На претставниците на средствата за јавно информирање им се ставаат на располагање актите што ги разгледува и донесува Собранието, информативните и документациските материјали за прашањата што се разгледуваат во Собранието и во работните тела, извештаите за работата на работните тела и записниците од седниците, освен ако Собранието, односно работното тело одлучило одделно прашање да се разгледува без присуство на претставниците на средствата за јавно информирање.

- **Член 229:** Начинот на остварување на правата, должностите и одговорноста на претставниците на средствата за јавно информирање во Собранието се уредува со акт што го донесува претседателот на Собранието.

- **Член 230:** Собранието и надлежните работни тела можат да одлучат предлогот на законот или на друг општ акт што се претресува во Собранието, а кој е од посебен интерес за јавноста, да се објави преку печатот или во посебна публикација.

- **Член 231:** Собранието и работните тела можат да одлучат, заради известување на јавноста за работата на Собранието, да се даде соопштение за средствата за јавно информирање по седницата на Собранието или на работното тело што е одржана без присуство на јавноста, односно без присуство на претставници на средствата за јавно информирање, како и во други случаи кога за тоа ќе одлучи Собранието или работното тело.

- **Член 232:** Конференција за печат, во врска со работата на Собранието, се одржува кога за тоа ќе одлучи претседателот на Собранието, пратеничка група, работно тело или шефот на делегацијата што престојувала во странство, кои определуваат и претставник што ќе ја одржи конференцијата за печатот.

- **Член 233:** Собранието има веб-страница на која се внесуваат општи податоци

за Собранието, работните тела, претседателот на Собранието, пратениците, пратеничките групи, делегациите на Собранието, донесените закони, седниците и другите активности на Собранието, за Службата на Собранието и други податоци поврзани со организацијата и работата на Собранието.

**Член 234:** (1) Заради известување за својата работа, Собранието издава гласило и други публикации. (2) Гласилото се доставува до сите пратеници во Собранието и се става на веб-страницата на Собранието.

# 8 РАЗГОВОРИ СО НОВИНАРИ И СО ПРАТЕНИЦИ ЗА РАЗМЕНУВАЊЕ ИСКУСТВА

Бидејќи транспарентноста на Собранието беше делумна и јасна е потребата за дејствување со цел подобрување на условите, за средствата за јавно информирање да имаат повеќе можности да известуваат транспарентно и објективно, разговаравме и со претседателот на Собранието, Талат Џафери, со координаторите на сите пратенички групи, со пратеници од помалите партии што немаат пратеничка група, но и со новинари од различни медиуми што известуваат од Собранието и имаат долгогодишно искуство.

## НОВИНАРИТЕ, НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Во разговорот со новинарите, кои дел од нив за работата на Собранието известуваат и со децении, тие ги кажуваат своите секојдневни проблеми со кои се соочуваат за да стигнат до информација и да успеат да информираат објективно и професионално. Разговаравме на шест конкретни прашања и тоа:

1. Како го оценувате функционирањето на парламентот во екот на пандемијата со ковид-19, од аспект на транспарентноста и отвореноста кон јавноста и медиумите?

**2.** Колку генерално сте задоволни со транспарентноста и отчетноста на овој состав на парламентот, во споредба со претходните?

**3.** Ви претставува ли проблем комуникацијата и обезбедувањето ставови и информации од пратениците, пред сè, со претседателот и потпретседателите на парламентот, генералниот секретар, координаторите на пратеничките групи и претседателите на комисиите?

**4.** Дали во последните четири години сте се соочиле со притисок поради објавен прилог/текст во врска со работата на Собранието или членовите на парламентот?

**5.** Дали Собранието има доволно технички услови за да им овозможи на новинарите полесно да имаат пристап до информациите, за следење на пленарните седници, комисиските седници и другите настани. И како го проценувате обидот од страна на Собранието, техничките услови да ги подобри и усогласи со мерките за работа донесени поради пандемијата со ковид19?

**6.** Што, според ваше мислење, може да се преземе за да се овозможи поголема транспарентност на законодавниот дом и полесна комуникација меѓу членовите на парламентот, собраниската администрација и новинарите?



Новинарка **Јулијана Лефковска Пешевска**, која работи во телевизија **Телма**, во одговор на првото прашање кажува дека „*Собранието делумно беше транспарентно и објективно за време на пандемијата. Медиумите немаа можност да ја следат работата на комисиите*". *За споредбата на овој парламентарен состав со претходните состави, преценува дека „Овој парламентарен состав има поголема отчетност и транспарентност*", Во врска со можностите за комуникација, Лефковска одговара: „*Немам проблем со комуникација на споменатите личности, отворени се и достапни за соработка*

*и лично јас ги добивам потребните информации*", исто така и дека немала никаков притисок поради објавен текст. За техничките услови за слободно и професионално информирање на новинарите во периодот на пандемијата, таа вели дека „*Нема доволно технички услуги, треба да се работи на овој план за да се обезбеди онлајн-следење на сите комисии*". И на последното прашање му порачува на раководството на Собранието „*да се овозможат подобри технички услови*".



Новинарката **Фатлуме Дервиши** од телевизија **Алсат**, за функционирањето на парламентот и транспарентноста во периодот на пандемијата вели дека „*Собранието, кое во последните години прерасна во најотворена институција за новинарите, го расипа овој впечаток во текот на пандемијата. Можеби затоа што ситуацијата не беше предвидена, пратениците не успеаја да се прилагодат целосно на новите услови за работа и нивото на транспарентност падна. Во најголем дел, новинарите, но и јавноста, немаа пристап во содржината на дебатата што се развива на седниците на работните тела или на комисиите, каде што имаше расправи за важни одлуки. Новинарите многу тешко воспоставуваа вербални контакти со пратениците со кои веќе не можеа да се сретнат физички. Како што ние, како новинари, имавме недостиг од информации, така и до граѓаните не стигнуваа доволно информации. Кога другите институции презедоа други големи чекори во правец на менување на пристапот до јавноста, Собранието беше задоволно со мали и најверојатно недоволни чекори.*"

На прашањето колку е задоволна со транспарентноста и отчетноста на овој состав на парламентот, во споредба со претходните, одговара „*Разликата, би рекла, дека е техничка, но суштинска. Недостигот од директен контакт и неможноста да се сретнеме со пратениците во Собранието додека тие ги вршеа своите секојдневни работи, влијаеше врз намалувањето на транспарентноста во однос на медиумите и јавноста*".



За проблемите со комуникацијата и обезбедувањето ставови и информации, таа објаснува дека „*Неформалната средба секој месец на претседателот на*

*Собранието со новинарите е извонредно добро искуство, што не беше пракса и претходно. Секако дека информациите од неформалните средби можеше и погрешно да се толкуваат, погрешно да се сфаќаат, можеше да бидат и нецелосни информации. Но, политиката на телевизиите, радијата, дигиталните медиуми е таква што бара да има што повеќе гласови (извори, луѓе што зборуваат), за да биде што попрофесионално известувањето, и во суштинска, и во визуелна смисла. Тоа што сакам да го кажам е дека понекогаш овие средби се 'губење време' ако со нас во редакција не носиме тонско парче тој работен ден".*

Новинарката Фатлуме Дервиши одговара дека во последните четири години не се соочила со притисок поради објавен прилог/текст во врска со работата на Собранието или членовите на парламентот. А за техничките услови со кои беа во можност да работат новинарите, вели дека *„Образложението за тоа зошто Собранието не ја пренесува во најголем дел работата на комисиите, кои не беа достапни за новинарите во реално време да произведуваат вест, беше дека парламентот нема потребна техничка опрема за тоа и дека нема можности за вметнување таква ставка во планот за јавни набавки. Барем ова ни го кажуваа јавно. А дали ова е точно, никој не истражува. Се направија неколку обиди и се обезбедија технички услови за учество на новинарите на прес-конференции за медиуми, почитувајќи ги правилата воведени поради ситуацијата со ковид-19, но тука заврши сѐ".*

За чекорите што треба да ги преземе Собранието за подобрување на условите за новинарите, Дервиши предлага *„Собранието треба да ги обезбеди сите услови и потребната опрема за онлајн-пренос на целата работа на пленарните седници и на седниците на комисиите. Со или без ковид, ние сме во време кога технологијата е совршена и образложението дека за отворање еден канал на Јутјуб е потребна комплицирана постапка за јавна набавка е смешна и нелогична за новите генерации во новинарството. Во време кога информацијата е вест само во првите 30-60 минути од моментот на настанот, да чекаш реприза на настанот по неколку часа откако реално се случил, дури и без да имаш распоред кога ќе се пушти на Собранискиот канал репризата на тој настан, е апсурдно. Верувале или не, по многу години ни било потребно да реинсталираме „Интернет експлорер" бидејќи е единствената апликација на која може да се отвораат преносите на собраниските седници, кои одат во живо. Новинарите треба да имаат пристап на платформата „е-пратеник", исто како и пратениците или најмалку пристап до сите предлог-закони, штом тие ќе влезат во собраниската архива. Парламентарните групи треба да ангажираат повеќе нивни луѓе за контакт со новинарите".*



Новинарката **Мариела Трајковска**, која пишува за онлајн-медиумот **Плусинфо** проценува дека *„Пандемијата на корона вирусот во секој случај ја отежна транспарентноста на Собранието кон медиумите. Тоа значи дека потешко се договараа изјави од пратениците, особено за камера. Новинарите што работеа од дома, изјави обезбедуваа преку телефон, што секако е полесно, но тоа, пак, е хендикеп за нив, бидејќи не беа на самото место и немаа секогаш увид што точно се случува во Собранието“.* За разликата меѓу сегашниот и претходниот состав на Собранието, таа одговара *„Не гледам некоја битна разлика во однос на транспарентноста на актуелниот собраниски состав во однос на претходните. Функционира по веќе воспоставената практика и не отскокнува во позитивна, ни во негативна смисла“.*

За проблемите со воспоставувањето комуникација и осигурување ставови од чинителите во Собранието, Трајковска одговара дека и во овој аспект не гледа разлика споредено со претходните ставови. *„Обично координаторите на пратеничките групи одговараат на прашањата, без разлика дали станува збор за изјава за некое дневно случување или, пак, за одредена тема. Претседателот некогаш, веројатно според проценката, и лично дава став за прашања или за теми, но тоа не значи дека секогаш е достапен. Ако тој реши да одмолчи одредена ситуација, тогаш ништо од транспарентноста. Слична е комуникацијата и со потпретседателите и со генералниот секретар. Претседателот ја задржа праксата еднаш во месецот да одржува брифинг со медиумите, но не гледам обид од негова страна за поголема транспарентност. Дава изјави кога тој ќе процени дека јавноста треба да го слушне ставот на Собранието“.*

Таа, исто така, одговара дека во последните четири години, лично, не се соочила со каков било притисок од Собранието за објавен текст. Но, во врска за техничките услови, смета дека *„Има уште многу работа за новинарите полесно да добиваат информации. За време на пандемијата, Собранието овозможи онлајн-следење на пленарните седници, но комисиската расправа, каде што се добива вистинската слика дали некој закон ќе помине и кои се забелешките, остана онлајн-затворена за медиумите, односно за јавноста.“* А препорачува дека *„Собранието треба да*

*овозможи онлајн-пренос и на комисиските расправи. Онлајн-пренос и на изјавите на пратениците. За битни теми е неопходна поголема транспарентност на претседателот на Собранието, односно тимот на претседателот да прави проценка дека ако некое прашање е од голем интерес за јавноста на дневна основа да закаже прес-конференција.“*



Новинарот на **ТВ 21, Бесир Арифи**, за функционирањето на парламентот и транспарентноста кон јавноста и медиумите во периодот на ковид-кризата, мисли дека „*Канцеларијата за односи со јавноста беше отворена за давање информации. Пратениците, исто така, беа достапни за изјави. Фактот што немаше можност со камери да бидеме присутни на комисиските седници и тоа што комисиските седници не се пренесуваа во живо и онлајн беше голем недостаток*“. Одговара дека од овој состав на Собранието е „*Делумно задоволен*“. За проблемите со комуникацијата и обезбедувањето ставови и информации, Арифи додава: „*Генерално не ми се случило да имам проблеми. Беа отворени за комуникација, освен во ситуации кога имало некоја ‘жешка’ тема и имало големи несогласувања, можеби и внатре во самата коалиција.“ Во ваквите случаи, претставниците на партиите избегнуваат да зборуваат јавно*“.

Објаснува дека во последните четири години не се соочил со притисок поради објавен прилог/текст во врска со работата на Собранието или членовите на парламентот. Во врска со доволните технички услови и обидот на Собранието да ги подобри овие услови за работа на новинарите, Арифи вели, „*Немањето пренос во живо на секоја комисија во реално време е голем пропуст. Немам забележано обиди да се среди или да се поправи ситуацијата во тој правец.*“

За мерките што треба да се преземат, тој предлага: „*Побрзо ажурирање на веб-страницата со информации и документи, нацрт-закони за кои се разговара во Собранието. Создавање канали за пренос во живо на комисиите и на пленарната седница, кои ќе можат и да се враќаат назад додека одат во живо за повторно да се гледаат тие моменти од седницата што се пропуштени, како и материјалот на седниците да може да се симне преку интернет*“.



**Катерина Нешкова**, новинарка во телевизија **Сител**, на прашањето како го оценува функционирањето на парламентот во периодот на ковид-19, одговара, „*ако треба оценка од 1 до 5, тогаш 2. Сосема затворен парламент, ретко закажување седници, информациите за точките и тековното работење стигнуваа во 5 до 12. Голем дел од редовните активности на Собранието, односно најголем дел од собраниските комисии не може да се следат ни во живо, ни онлајн.*“ *За транспарентноста и отчетноста на овој состав на Собранието, споредено со претходните состави, таа вели дека е „помалку задоволна“. „Кабинетот на претседателот е сведен на еден човек за давање технички информации, без можност за став и одговор на поставените прашања. Пратеничките групи се сведени на координатори, кои секогаш не се достапни за новинарите“.*

Во врска со комуникацијата со пратениците и другите функционери во Собранието, Нешкова вели дека има проблем и дека „*нивните службени мобилни телефони сè уште не се јавни, а имејл-адресите, иако ги има, не се во функција*“. А за соочувањето со евентуални притисоци за направен прилог, таа одговара „*да, но само првичен притисок, по што се повлекле*“.

За моменталните технички услови и обиди за нивното подобрување, новинарката Катерина Нешкова вели дека „*имаше некој скромен обид од страна на службите првите месеци од пандемијата, потоа сè се сведе на прилагодување на кристалната сала како прес-сала бидејќи е со поголема квадратура. Но, таа сала е без прозорци и без вентилација. Така што, наместо заштита, се доби само поголем ризик од ширење зараза. Дезинфекциски средства на почетокот имаше, а потоа не. За техничките услови за онлајн-следење не се направи никаков обид и остана неодговорено зошто од секоја собраниска сала не може да има посебен јутјуб-канал за следење на работата во живо (секоја сала е опремена со камери и режија, значи треба само интернет). кога тоа е бесплатно*“. Новинарката Нешкова оценува дека Собранието во иднина треба да ангажира „*лица за односи со јавност и да не се штеди на транспарентност. Пандемијата да не се користи за изговор да се закажуваат седници во сали од каде што нема пристап за следење во живо, за да се исклучи јавноста*“.




**Соња Делевска**, новинарка во онлајн-медиумот **SDK.mk**, за функционирањето на парламентот и транспарентноста во периодот на пандемијата цени дека имало „*лоша организација и неволност да им се олесни работата на новинарите, особено кога станува збор за брза информација за примени материјали, закони, предлог-закони, измени на закони, број на амандмани, содржина на амандманите, подносители. Претерано и пренападно малтретирање на новинарите со настапи и протоколарни средби на претседателот на Собранието, потпретседателите, парламентарните групи, за кои новинарите не се заинтересирани, доаѓање со пресови, не за теми за кои прашуваат новинарите и не од пратеници на кои тие инсистираат да се појават, туку за теми или партиски препукувања за кои тие сметаат дека се важни за јавноста*“.

За прашањето за транспарентноста и отчетноста, новинарката Делеска оценува дека, „*транспарентноста и отчетноста на овој парламентарен состав е на најниско можно ниво досега. Особено негативно ќе се памети периодот под куполата на Собранието, кога јавноста всушност немаше допирни точки со пратениците, до степен да не сме сигурни дали навистина дента има собраниска седница и дали навистина се пратениците на работа или претходно снимиле долгометражен филм, па емитуваат снимка отпосле на Собранискиот канал. Немаше како да се истражи и напише тема од законодавниот дом, комуникациите беа на Вибер преку лични познанства со пратениците, често без успех да се добие втората страна од приказната.*“

Во врска со проблемите за контакт со пратениците, но и транспарентноста, таа проценува дека „*комуникацијата е најголемиот проблем и воедно е најопасна. Ако успеете да зборувате со нив, потенцирам, на Вибер или на Ватсап, никако на редовна линија, и напишете текст, потоа ви се јавуваат и ви кажуваат: „не реков така, коригирај. Физички контакти немав со ниту еден пратеник*“.



На прашањето дали се соочила со притисоци за напишан текст, новинарката Соња Делевска одговара дека „*освен барање за корекција на свои изјави што ми ги дале*

*пратениците, зависно од тоа колку ги искарале во партијата, други барања не сум имала. Ниту деманти“.* А за техничките услови и обидите тие да се подобруваат проценува дека *„Собранието, не само што нема технички услови за нормално следење на работата, туку има и бавен застарен сајт, неажуриран навреме и застарен браузер (Интернет експлорер) за следење на седниците, кој на новите компјутери не ни може да се инсталира. Ако се смета безуспешното молење на спикерот Талат Џафери да се смени Деловникот и да се воведе онлајн-работа на Собранието, која ќе биде достапна и видлива за целата јавност, друг обид немало. Светла точка е само шефицата на кабинетот на претседателот Талат Џафери, која најчесто е достапна за новинарите, кога не е на годишен одмор, но таа е одговорна само за информациите во врска со нејзиниот претпоставен и не може да трча и да ги тера пратениците да ни даваат информации и да ни одговараат на прашања и дилеми“.*

За во иднина, новинарката Соња Делевска препорачува и предлага дека, *„службата за односи со јавност, во соработка со сите стручни собраниски служби пред сè, и со пратениците и претседателот, мора да се во контакт цело време за потребите на јавноста (новинарите). Недозволиво е во 21 век да чекате со денови и недели за една информација од Собранието и на крајот пак да не ја добиете во 90 отсто од случаите. Собранието е моментално најмрзливата и најнетранспарентна институција во Република Северна Македонија. Пратениците не смеат да ги игнорираат собраниските служби и портпаролите кога новинар бара информација, снимка, ТВ-прилог. Во име на транспарентноста, највисоката функција во државата, пратеничката, треба да даде пример како се става на располагање на новинарите и на јавноста, барем во текот на работното време и најитно да се воспостави систем на брзо и транспарентно информирање за секое поставено прашање. Галеријата во пленарната Сала 1 е мала, ветените дополнителни балкони не се изградија. Еден од базичните пропусти секако е што нема микрофон за да се чујат поставените прашања на новинарите, па така граѓаните, публиката ги слушаат на пресовите во прес-салата само одговорите на пратениците, кои знаејќи го тоа често манипулираат и зборуваат за сосема трето, наместо директно да одговорат на прашањето.“*

# СТАВОТ И МИСЛЕЊАТА НА ПРАТЕНИЦИТЕ

Претставниците на Собранието одговорија на конкретни прашања, и тоа:

1. Како би го оцениле функционирањето на парламентот во услови на ковид-19, од аспект на транспарентноста и отчетноста, наспроти потребата да се почитуваат здравствените протоколи?

2. Колку често комуницирате со новинарите што ја следат работата на Собранието, одговарате ли редовно на новинарски повици и на поставени прашања?

3. Дали при споделувањето информации и презентација на ставови на вашата пратеничка група, преферирате одредени новинари или медиуми?

4. Дали во изминатата година сте имале конфликт со новинар и дали сте се соочиле со ситуација кога сте сметале дека несоодветно е пренесена ваша изјава или информација што се однесува на вас или на вашата пратеничка група?

5. Што, според ваше мислење, може да се преземе за да се овозможи поголема транспарентност на законодавниот дом и полесна комуникација меѓу членовите на парламентот, собраниската администрација и новинарите?



**Потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски** смета дека „*и во услови на ковид, Собранието беше максимално транспарентно во работата. Ги почитуваше сите здравствени протоколи и направи максимални напори работата на пратениците да биде достапна за медиумите, медиумските работници и граѓаните*". На прашањето за контактите со новинарите, Мисовски објаснува „*бидејќи сум повеќе мандати пратеник, еден од моите приоритети беше и останува достапноста до медиумите и постојана комуникација со медиумските претставници. Комуникацијата речиси секогаш е на дневна основа, со*

*цел подобра информираност за работата на пратениците*“. Тој вели „*секогаш сум бил подеднакво достапен за сите медиуми и за сите медиумски претставници*“, а за евентуални конфликти со новинарите додава дека „никогаш не сум имал конфликт со кој било медиум или медиумски претставник и сметам дека досега сите ги пренесуваат коректно сите ставови.

За неопходните потреби за поголема транспарентност во иднина, потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски мисли дека „*комуникацијата со медиумите е на професионално ниво. Транспарентноста на институцијата, сепак, е перцепција и може да биде различно толкувана и од граѓаните и од медиумите и од нивните претставници. Во прилог на тоа е и последното испитување на јавното мислење, според кое, 51 процент од испитаниците велат дека се делумно или целосно запознаени со активностите на законодавниот дом во изминатиот период, додека 48 проценти рекле дека малку или воопшто не се запознаени со перформансите на пратениците.*“



**Координаторот на пратеничката група на СДСМ, Јован Митревски**, на прашањето за оценување на функционирањето на парламентот во услови на ковид-19, од аспект на транспарентноста и отчетноста, одговори дека „*ковид-19, од аспект на пропишаните здравствени протоколи, како и се-каде, така и во Собранието, предизвика определени пречки во функционирањето. Сепак, благода-рение на собраниските служби и собранискиот менаџмент, сметам дека се обезбеди адекватен начин за функционирање, со што јавноста преку медиумите беше навремено информирана за сето она што се случува во Собранието и она што е работа и обврска на пратениците. Сметам дека и во вакви услови на функционирање, транспарентноста и отчетноста беше зачувана. За тоа голема улога имаат и собраниските известувачи, новинарите, кои помогнаа информациите навремено да стигаат до граѓаните*“.



На прашањето колку често комуницира со новинарите, тој одговара дека „комуникацијата со новинарите е на дневно ниво, често и на часовно ниво, во денови кога

има поголема динамика во работењето и кога се отвораат различни теми од интерес на граѓаните. „*Во голема пратеничка група како нашата, секогаш има пратеник што комуницира со новинарите на тема што е од интерес на новинарот. Не постои прашање што било поставено до нашата пратеничка група или одреден пратеник, а тоа да не било одговорено. Сигурен сум дека тоа ќе продолжи и во иднина*“.

За тоа дали преферира одредени новинари со кои ќе ги дели ставовите на пратеничката група што ја води, Митревски вели, „*не, споделувањето на информациите е најчесто преку закажани прес-конференции за кои покана преку собраниските служби праќаме до сите медиуми. Дополнително, надвор од закажаните прес-конференции, кога има прашање поставено од новинар, одговараме онака како што го добиваме, без никакви преференции.*“

На прашањето дали имал конфликт со новинарите, Митревски одговара „*имало незначителни ситуации кога некоја информација била непрецизно пренесена, со што давала различно сфаќање на ставот на пратеничката група. Таквите ситуации сме ги решавале со дополнителни објаснувања со што информацијата се прецизирала. Никогаш не се случил конфликт меѓу пратеник од нашата пратеничка група и новинар. Нашето единствено барање до сите новинари било и ќе биде е информациите, изјавите, говорите од работните тела и пленарната сала да се пренесуваат балансирано од сите пратенички групи, со што граѓаните би можеле јасно да ги видат ставовите по определени прашања и на тој начин да судат за работата на определена пратеничка група или пратеник*“.

Во врска со тоа што треба да се преземе од страна на Собранието за да се овозможи поголема транспарентност на законодавниот дом, координаторот на пратеничката група на СДСМ вели, „*реформата на собранискиот канал, која се случува, ќе доведе до полесна комуникација, но секогаш може и повеќе и подобро да се олесни комуникацијата, следејќи го развојот на информациската техника и технологија. Тоа е нешто што очекувам дека ќе се случува во следниот период бидејќи собранискиот менаџмент е силно фокусиран на ова прашање, работејќи на многу проекти со организации што даваат и експертска, но и финансиска поддршка за нивно имплементирање.*“



**Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Мицевски,** за транспарентноста и отчетноста на Собранието, во периодот на пандемијата со ковид19, мисли дека *„транспарентноста можеше да биде на малку повисоко ниво, посебно во делот на физичкото следење седници и комисии од страна на новинари, а тоа им беше оневозможено во одредена фаза на новинарите."* За тоа колку често комуницира со новинарите, Мицевски додава дека, *„имам редовна и коректна комуникација со новинарите во Собранието и многу често, речиси секогаш одговарам на телефонски повици."* Тој додава дека не прави разлика и не ги дели новинарите, туку *„сите се подеднакво третирани"*.

За евентуално искуство со конфликт со новинари или несоодветно пренесена информација, координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ вели, да, имало такво искуство, *„во два-три наврати имаше некоректно/неточно пренесување став, по што, на моја реакција, имаше исправкана на насловот/веста, но не сум сигурен дали веста е случајно неточно пренесена"*.

На прашањето што треба да се преземе од страна на Собранието за поголема транспарентност, Мицевски вели *„промена на веб-сајтот со пренос во живо на повеќе комисии, поголема покриеност на седниците од новинари, дозвола за присуство на новинари на комисиските седници. Завршување на реконструкцијата и модернизацијата на новото собраниско студио. Исто така, моето мислење е дека работата на парламентот треба да ја следат специјализирани новинари со поголемо искуство за работата на Собранието и познавање на процедурите во функционирањето на Собранието. Според мене, влетувањето во Собрание и известувањето без познавање на процедурите од новинарите не го дава саканиот ефект."*





**Арбр Адеми, координатор на пратеничката група на ДУИ,** цени дека „*и покрај ограничувањата што ни ги наметна пандемијата со ковид-19 и обврските за заштита на личното и колективното здравје, мојата лична оцена е дека Собранието остана транспарентно во своето работење и соодветно, отчетно. Имено, надлежните служби од Собранието, во соработка со надлежните институции за заштита на јавното здравје, изготвија протоколи со кои им се овозможи на пратениците да ја известуваат јавноста за своите активности, опремена е сала за прес-конференции, со почитување на сите потребни протоколи за заштита од ковид-19 и на пратениците, и на службениците, и на новинарите. Како што беше информирана и јавноста, Собранието заседаваше во 'салата на куполи', повторно заради почитување на сите протоколи за заштита на здравјето, а по успешно заокружениот процес на имунизација, прво на службата, а потоа и на пратениците, се овозможи Собранието да продолжи со работа во пленарната сала. Не смееме да заборавиме дека како пратеници имаме должност и обврска да сме во постојана комуникација со граѓаните, а тој процес е особено олеснет со активната употреба на социјални медиуми, што овозможува промптно пренесување на пораката и точната вест до граѓаните и јавноста.*

На прашањето за комуникацијата со новинарите, одговара дека, „*комуникацијата со новинарите е на дневна основа. Лично секогаш одговарам и на повици и на електронски пораки од секој новинар што ми се обратил*“. За тоа дали преферира одреден новинар или медиум за споделување информации или ставови на пратеничката група, Адеми одговара „*во мојата кариера секогаш сум се водел од принципот на професионалност, непристрасност, транспарентност и одговорност – и кон споделената вест и изјава и кон пренесувањето на истите. Оттука, не сум наклонет кон одреден медиум или новинар во мојата секојдневна работа, напротив особено ги почитувам сите претставници на медиумите, било да се новинари, камермани или фотографи*“.

За евентуални конфликти и недоразбирања со новинарите, шефот на пратеничката група на ДУИ вели, „*не се сеќавам на таква ситуација. Сметам дека секоја информација што е добиена на непосреден начин се пренесува соодветно и точно.*

*Акредитираните новинари во Собранието се присутни на прес-конференциите на мојата пратеничка група и оттука ги пренесуваат информациите директно“.*

За тоа што може да се преземе за да се овозможи поголема транспарентност на законодавниот дом, Адеми вели, „*лично сметам дека комуникацијата меѓу Собранието и претставниците на медиумите е на високо и транспарентно ниво. Голем дел од новинарите што работат во Собранието на дневна основа лично ги познаваат и пратениците и службениците и многу често лично им се обраќаат надвор од воспоставените официјални протоколи за свикување конференции за печат. Можеби соодветно би било да се направат дополнувања на интернет-страницата на Собранието и секој пратеник да има своја врска на страницата, на која детално и самоиницијативно ќе ја претставува својата работа и дневни активности. Секако, би апелирал до колегите што повеќе да ги користат социјалните мрежи, особено во ова време, кога главниот извор на вести и новости, особено за младите, доаѓаат од социјалните мрежи.*“



**Скендер Реџепи, координатор на пратеничката група, Алијанса за Албанците и Алтернатива,** за транспарентноста и функционирањето на Парламентот во услови на ковид-19, оценува дека „*генерално, Собранието се грижеше да се почитуваат превентивните мерки поврзани со пандемијата на ковид-19. Меѓутоа, честопати овие мерки беа злоупотребени за политички цели во интерес на собраниското мнозинство, посебно на штета на транспарентното информирање и политичките одлуки и овој факт ќе остане црна дамка на работата на Собранието.*“ За да комуницирате со новинарите што ја следат работата на Собранието, Реџепи вели дека „*комуникацијата со акредитираните новинари во Собранието е на потребното професионално и демократско ниво. Што се однесува до мене, немало повици или прашања на кои немам одговорено*“. При споделувањето информации и презентација на ставови на пратеничката група, координаторот на АА-ААА цени дека „*нема разлика меѓу новинарите, со исклучок на тие новинари што шират дезинформации, со намера или ненамерно*“. За тоа дали во изминатава година имало конфликт со новинар и дали се соочил со ситуација кога

сметал дека несоодветно е пренесена неговата изјава или информација, вели дека не. Но, додава дека *„имало случаи на лошо информирање“*. За тоа што може да се преземе во иднина за поголема транспарентност од страна на Собранието, Реџепи сугерира *„да се обезбедат поголеми професионални услови за рамноправно учество на сите медиуми во рамки на Собранието, со што евентуалните пропусти во областа на транспарентноста ќе бидат симнати на минимум“*.



**Пратеникот Кастриот Реџепи од Движењето БЕСА,** за транспарентноста на Собранието мисли дека *„и во услови на ковид-протоколи, парламентот е транспарентен преку пренесување на седниците на Собранискиот канал и има лесен пристап на медиумите за преземање материјали од истите. Исто така, на веб-страницата се објавени планираните активности и донесени одлуки“*.

За тоа колку често имале комуникација со новинарите, пратеникот Кастриот Реџепи инфор-мира дека *„што се однесува до комуникацијата со медиумите, ние секогаш сме подготвени да одговориме на барањата или прашањата од нив. За жал, барањата од медиумите не се чести затоа што се фокусирани на преставниците на партиите или коалициите како СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Алијанса и Левица. Иако ние даваме наш став или имаме обраќање, тој не е пренесен, па социјалните мрежи остануваат главна алатка за пренесување на ставовите“*.

На прашањето дали преферираат новинари или медиуми за споделување на информациите, пратеникот на БЕСА вели, *„немаме преференции на медиуми, затоа што и така немаме многу простор за избор. Исто така, по барање на опозицијата, од партиите на Албанците немаме покани за дебатни емисии, затоа што во спротивно тие нема да присуствуваат на нив. Со тоа сме обесправени, без простор да ги искажеме нашите ставови и да дебатираме. Со тоа се нарушува праведната застапеност во медиумскиот простор на пратениците од движењето Беса“*.



За тоа дали имале конфликти или недоразбирања со новинарите, пратеникот Кастриот Реџепи кажува дека *„водејќи се од правилото дека не треба да се влегува во конфликт со новинар и не се впуштаме во конфликти, иако имало тенденциозно*

*пренесување на нашите ставови, со искривување или поставување наслов што не кореспондира со текстот во веста. Имајќи предвид дека повеќето ги читаат само насловите, со тоа ни се причинува штета. За еден случај реагиравме и тој беше коригиран, но веќе беше преземен од повеќе медиуми. Имаше случај кога на национален медиум, моја изјава на главните вести беше претставена со име и презиме од друг пратеник и друга партија, за што контактирав со главниот уредник.“*

Што се однесува до тоа што треба да се преземе за подобрување на транспарентноста на Собранието, пратеникот Реџепи мисли дека „*тоа е двонасочна улица. Собранието овозможува присуство преку акредитации, но и новинарите треба да имаат контакт и да им даваат можност на сите пратеници од пратеничките групи, и на тие што не се организирани во пратенички групи, бидејќи и тие имаат мандат и се народни пратеници. Ставовите и говорите треба да бидат пренесени, макар и временски процентуално. Во спротивно, тие ќе бидат замолчани и дестимулирани да бидат повеќе активни.*“

# 9 РАЗГОВОР СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ТАЛАТ ЏАФЕРИ





Во разговор со п**ретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери**, на темата „Транспарентноста на Собранието во периодот на ковид-пандемијата, „тој објасни дека како и секаде, пандемијата влијаеше и врз функционирањето на македонското Собрание, посебно во делот на физичкото присуство на пратениците и на медиумите. Но, додаде дека „сега се прават напори да се надминат слабостите што ги забележавме, така што во тек се неколку јавни набавки“. Тој вели дека во тек се јавни набавки во функција на обезбедување технички предуслови за поголема транспарентност на Собранието, со што

неколку сали треба да се опремат со потребната техника за да се овозможи можност за новинарите, но и граѓаните во живо да ги следат комисиските седници во лајв-стрим.

„*Како што беше најавено во многуте брифинзи претходно, била најавена јавна набавка за доопремување за доизградба на веб-страницата и Е-парламентот, таа постапка е завршена, и сега е во тек уредувањето за работата на салите, односно комисиите. Дополнителна опрема ќе треба за салите, тоа е друга посебна набавка за да може технички да се следи работата, и во завршна фаза, пред потпишување договор сме за опремување на пленарната сала со нов електронски систем на работа, за да имаат пристап, не само новинарските екипи што престојуваат во Собранието, но и пошироко, граѓаните да можат да се вклучат да ја следат работата на Собранието преку интернет*“, вели Џафери.

Претседателот на Собранието објаснува дека со доградбата на веб-страницата и Е-парламентот на новинарите и на граѓаните ќе им се овозможува да ги најдат сите седници и сите говори на пратениците во пленарните седници, но и во комисиските седници, и тоа во реално време. Џафери мисли дека транспарентноста на Собранието е многу подобрено, за разлика од претходните состави, но додава дека секогаш треба да се работи на подобрување на транспарентноста. Затоа информира дека во буџетот на Собранието ќе се додаваат дополнителни средства. Низ призмата на поголемата транспарентност информира дека Собранието планира да воспостави ТВ-студио во парламентот, каде што би можело да се водат дебати меѓу пратениците, а кое би функционирало преку Собранискиот канал на МТВ.

Џафери вели дека, генерално, е задоволен од транспарентноста и отчетноста на Собранието во изминатите четири години, откако тој е на чело на законодавната власт.

„*Нема прашање на кое не е навремено одговорено, а кое е доставено согласно Законот за пристап до информации од јавен интерес, во мојот мандат е воспоставена праксата на редовни месечни брифинзи со претставниците на медиумите, што треба да претставува мотив за сите парламентарни групи и пратеници за редовна комуникација со новинарите. Исто така, пред Собранието се поставени информативни табли, на кои се објавуваат информации за работата на Собранието за  и граѓаните да можат во секој момент да се информираат за настаните на Собранието, и за што моментално се расправа во Собранието*“, вели Џафери.

Тој нагласува дека генерално немал поголеми проблеми во комуникацијата со медиумите.

*„Имало неточни или непрецизни вести и таму каде што требало сме демантирале. Но, не сум поборник на тоа да се фаворизираат или игнорираат одредени медиуми. Јас не сум избегнал ниту еден медиум. Но, не треба и медиумите да фаворизираат политичари“, вели Џафери.*

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Ковид-кризата дополнително ги истакна слабостите во функционирањето на законодавниот дом во делот на транспарентноста, отчетноста и комуникацијата со средствата за јавно информирање, кои претходно се прикриваа зад уставните и деловничките норми за отвореност и јавност во работата на парламентот.

- Десеттиот парламентарен состав го почна мандатот во ограничувачки услови, кои се покажаа како ограничувачки фактор и за комуникацијата со медиумите, посебно за пратениците на кои ова им е прв мандат.

- Рестрикциите во парламентот, наметнати со ковид-протоколите, претставуваа ограничувачки фактор и за новинарите, кои во голем број случаи потешко од вообичаено стигнуваа до сеопфатни информации и до позиции на сите релевантни фактори за одредена тема, со што и на публиката ѝ се ускратува можноста да ги види, слушне или да ги прочита сите аспекти за одреден проблем од јавен интерес.

- Како една од најслабите алки се наметна функционирањето на комисиите, чија отвореност беше сведена на минимум, со оглед на тоа што, за разлика од пленарните седници, не беа обезбедени технички услови за директни преноси од комисиските расправи.

- Редовните месечни брифинзи на претседателот на парламентот се олеснувачка околност за собраниските известувачи, а посебно помогнаа во екот на пандемијата, но не можат да ја компензираат ограничената комуникација со претставници на сите парламентарни групи, чии позиции неретко се во судир за повеќе теми од

висок јавен интерес, а често се различни и од позициите на политичката опција чиј претставник е првиот парламентарец.

- Веб-страницата на Собранието не ги дава во реално време и во најбрзо можно време видеозаписите на седниците на Собранието и комисиските седници. Не овозможува да се преземаат (симнат) видеоматеријалите во реално време. Не се прикажуваат брзо сите предлог-закони и другите јавни материјали што се важни за новинарите.

- Собранието нема свои канали на социјалните мрежи, каде што може во живо да се пренесуваат сите комисиски седници. Сè уште се користат стари апликации, кои се речиси надвор од употреба, за да се следат во живо седниците на Собранието.

# ПРЕПОРАКИ

- Потребно е да се анализираат сите можности за отворање на комисиите за јавноста, пред сè со физичко присуство на новинари, за што може да се разгледа опцијата за утврдување прецизен распоред за комисиските заседанија, за на секоја комисија да може да ѝ се обезбеди да заседава во сала каде што може да се одржува растојание меѓу присутните. Кога тоа не е возможно, треба да се најде начин да се обезбедат потребните технички услови за пренос во живо на собраниските расправи преку Собранискиот канал или за стриминг.

- Да се размисли за соодветни тренинзи за парламентарците за односи со јавноста, за што може да се организираат и интерни дебати меѓу пратениците и новинарите, посебно во почетокот на мандатот на нов собраниски состав и за пратениците на кои тоа им е прв мандат.

- Да се разгледа можноста за воспоставување пракса за периодични/редовни брифинзи на координаторите на пратеничките групи со новинарите и секоја пратеничка група да одреди лице за контакт со новинарите.

- Би било пожелно, во рамки на процесот „Жан Моне“, кој е во тек и чија главна тема се измените на собранискиот Деловник, да се отвори дебата и за можни измени,

кои би придонеле за поголема отчетност и поотвореност на Собранието, така што во овој аспект од дијалогот би биле вклучени и новинарите што ја следат работата на парламентот.

- Потребно е поквалитетна веб-страница на Собранието, на која полесно и побргу ќе се добијат видеозаписи од пленарната седница на Собранието и од комисиските седници. Поефикасна веб-страница и во најбрзо време, на таа веб страница да се прикачат сите нови предлог-закони и другите јавни документи потребни за новинарите да можат попрецизно и детално да известуваат.

- Собранието да отвори нови канали на социјалните мрежи, како на пример на „Јутјуб", каде што преку стриминг ќе се пренесуваат сите комисиски седници. Или седниците да се пренесуваат преку стриминг на „Фејсбук" или слична апликација. На овие апликации да биде достапна опцијата видеоматеријалите од седниците и од прес-конференциите да можат да се симнат и да се користат во медиумите.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ


- Интервјуа со координаторите на пратеничките групи во Собранието и со пратеници на однапред поставени прашања;
- Интервју со претседателот на парламентот, Талат Џафери;
- Интервјуа со новинари на однапред поставени прашања;
- Устав на РС Македонија;
- Деловник на Собранието на РСМ;
- Етички кодекс на Собранието на РСМ;
- Анкета за перцепциите за функционирањето на Собранието на РСМ;

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде нужно не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 47 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија